*ОПШТИНА КАРПОШ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2017 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.14/2016“), Градоначалникот на Општина Карпош објавува

**ОГЛАС**
**за доделување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на општина Карпош за учебната 2017/2018 година**

## I. Услови за доделување стипендија

Право на учество на Огласот имаат кандидатите кои учат во општинските основни училишта на подрачјето на општина Карпош, а ги исполнуваат следните услови:

- Да се жители на општината Карпош;
- Кандидатите да се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош и
- Да оствариле континуиран успех во текот на школувањето од **VI одделение од најмалку 4,00.**

## II. Критериуми за доделување стипендија

Основни награди од областа на науката, техниката, културата и уметноста од VI до IX одделение :

- **I место градски** натпревар (0,5 бода);
- **I место државен** натпревар (1 бод);
- **I или II место** меѓународен натпревар (2 и 1 бод);
- Награди приложени од нелиценцирани организатори на натпревари нема да бидат земени во предвид.

## III. Потребни документи

Со барањето учесниците на Огласот треба да достават:

- Потврда од училиштето дека кандидатот е редовен ученик во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош;
- Биографија на ученикот;
- Фотокопии од свидетелствата, од VI до IX одделение;

- Фотокопии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста од VI до IX одделение и
- Препорака од класниот раководител или предметниот наставник.

**IV. Висина на стипендија и рангирање**

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоени од еден до пет бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари.
За освоени шест и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.

**V. Начин на пријавување**

Документите се доставуваат во Архивата на Општина Карпош (барака бр. 2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на општина Карпош за 2017/2018 година".

**VI. Рок за поднесување на документи**

Рокот за поднесување на документите е од 19.06.2017 година заклучно со 30.06.2017 година.
Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ